Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 02 – 2275/2
16.11. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен Весник на Република Македонија" бр. 199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 08/23), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на повторна:

**Јавна анкета и Јавна презентација**
**на предлог Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 24,**
**Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02 и Блок СЗ 24.04,**
**Општина Ѓорче Петров, Скопје**

Планскиот опфат на ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран со границите на блоковите Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04 одредени со РПЧ на ГУП на Град Скопје за четврт СЗ 24, Скопје 2016-2022, и ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на **север** се движи по осовината на собирната улица „Ѓорче Петров",C.01-D.01A, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022; продолжува по осовините на сервисните улици „С3" и „С1", планирани со РПЧ СЗ 24 Скопје 2016-2022 и по осовината на собирната улица „Сремски Фронт"/ Алекса Демниевски" D.01A-C.44A планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022
- на **запад** се движи по осовината на Градска магистрална улица „Сарај", C.01-B.21, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022;
- на **југ** се движи по осовината на регулирано корито на Река Вардар, ", планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022 и
- на **исток** се движи по осовината на Градска магистрала Булевар „Македонска Војска" C.44-B.22, планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022.

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **42,47ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Јавната анкета ќе трае **5** работни дена од **24.11.2023 год.** до **30.11.2022 год.**, согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Слободен Печат" и „Вечер", во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација предлогот на ДУП за Градска четврт СЗ 24, Блок СЗ 24.01, Блок СЗ 24.02, Блок СЗ 24.04, Општина Ѓорче Петров, Скопје, ќе биде изложен во просториите на Општина Ѓорче Петров на ул. „Ѓорче Петров" бр. 22, секој работен ден од **08:00 до 15:00 часот**.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Слободен Печат" и „Вечер", во информацискиот систем е-Урбанизам и на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции и за заинтересираните граѓани ќе се одржи на **27.11.2023** год. во **14:00 часот** во просториите на Општина Ѓорче Петров на ул. „Ѓорче Петров" бр. 22.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-Урбанизам или во писмена форма.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Република Северна Македонија, Скопје, Општина Ѓорче Петров

**Александар Стојкоски**

Изработил: И. Поповски

Контролирал: Е. Ќулумоска

Одобрил: Ф. Ефтимов